ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА КЦК ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈА

ВОВЕД

Не сакајќи да замре работата на КЦК во услови кога заради пандемијата учебната година во Карпош воглавно се одржува на далечина, изготвена е оваа програма за реализација на неколку работилници со ученици од основните училишта чиј основач е општина Карпош.

РАБОТИЛНИЦИ:

- СОЗДАВАМЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА
- ДИЗАЈНИРАМЕ МАШИНИ (КОЛИ, ИГРАЧКИ...)
- НИЕ ЗНАЕМЕ ДА ПРОИЗВЕДУВАМЕ ХРАНА
- ШТО ЈАДЕМЕ, ШТО ПИЕМЕ?
- ТАЈНАТА НА ДНК
- МАГИЧНА ХЕМИЈА
- НИЕ СМЕ ПИРОТЕХНИЧАРИ, НЕ ПИРОМАНИ
- ВЛЕГУВАМЕ ВО СВЕТОТ НА ГАБИТЕ

РЕАЛИЗАТОРИ:

- Проф. Александра Атанасовска
- М-р Томе Несторовски
- Проф. Дивна Карапанчева
- Дизајнер Томислав Поповски
- Студент- апсолвент Јована Сибиновска
- Проф. д-р Методија Најдоски
- Проф. д-р Катерина Русевска
- Проф. д-р Зоран Т. Поповски

УЧЕСНИЦИ:

- Според претходниот принцип на работа на КЦК, учесниците би се поканиле/бирале преку објавување на повик по училиштата и избор на 2-3 ученика од секое училиште на територија на општина Карпош.
- Алтернатива 1: Работилниците би биле од отворен карактер за присуство и учество на било кој ученик од општина Карпош кој сака да биде дел од настанот.
- Алтернатива 2: Работилниците би биле отворени за присуство и учество на било кој ученик и наставник кој сака да биде дел од настанот.

НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:

Работилниците ќе се реализираат како сесии со користење на некоја од достапните платформи (Zoom, Microsoft Teams, Google Classroom 365…) во соодветни лаборатории или кабинети во времетраење од 1-2 часа.

Алтернатива 1: Работилниците би се организирале како вебинари со можност за дискусија во соодветни лаборатории или кабинети.

Алтернатива 2: Работилниците би се реализирале со користење на претходно снимени видеоклипови по што би следувало објаснување и дискусија.

Забелешка: *Секој реализатор има слобода да ја организира работилницата на еден од понудените начини.*

ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Работилниците би се органзирале во неработни денови (сабота или недела) почнувајќи од 1-ви ноември па до крајот на полугодието.

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

Трошоци:

Бр.	Намена	Сума
1.	Потрошен материјал за работилници	5.000 ден.
2.	Изработка на банер со лого на КЦК и спонзор	3.000 ден.
3.	Хонорари за реализатори	22.000 ден.
4.	Канцелариски материјал и прибор	2.000 ден.
	ВКУПНО	**32.000 ден.**

Приходи:

Бр.	Намена	Сума
1.	Сопствени средства	5.000 ден.
2.	Спонзори	27.000 ден.
	ВКУПНО	**32.000 ден.**